# ПРИЈАВУВАЊЕ НА ИСПИТИ ВО ЛЕТНАТА СЕСИЈА ВО УЧЕБНАТА 2024/2025 ГОДИНА ЗА СТУДЕНТИТЕ КОИ СТУДИРААТ НА ПРВ ЦИКЛУС СТУДИИ

Почитувани студенти,

Ве информираме дека согласно Академскиот календар за активностите на Филозофскиот факултет пријавувањето на испитите за летната сесија се врши во период од **5.5.2025 до 1.6.2025 година**.

**Испитите задолжително се пријавуваат по електронски пат во Iknow апликацијата.**

ВАЖНО:

- Студентите при електронското пријавување на испитот треба да изберат во која декада ќе го полагаат испитот.
- Студентите кои испитите ги положиле преку колоквиуми треба електронски да ги пријават испитите за да можат професорите да внесат оцена во електронското досие на секој студент.

Пријавувањето на испитите после рокот со парична казна ќе се врши во Одделението за студентски прашања.

## ПОЛАГАЊЕ НА ИСПИТИ ВО ЛЕТНАТА СЕСИЈА

- ✔ Испитите во **I (прва) декада** ќе се полагаат **од 2.6. до 11.6.2025 година**
- ✔ Испитите во **II (втора) декада** ќе се полагаат **од 12.6. до 21.6.2025 година**

Пријавувањето на условувачките предмети ќе се врши во Одделението за студентски прашања по положувањето на предусловот кој ќе се полага во првата декада.

Распоредот за полагање на испити во летната сесија се објавува на веб-страницата на Филозофскиот факултет и на огласните табли пред библиотеките.

**НАПОМЕНА:**

При полагање на испит студентот задолжително треба да носи индекс и пријава за испит. Во случај ако студентот не го носи индексот и пријавата за испит наставникот не е должен да го прими студентот на испит.

Исто така студентот е должен да ја земе оценката во индекс во дадените термини од страна на предметниот наставник затоа што наставникот по полагањето на испитот во краток рок треба да ги внесе оценките во електронскиот систем, индексот и пријавата за испит.

Пријавите за испит наставникот ги доставува во Одделението за студентски прашања во рок од 3 дена од истекот на рокот за увид.

**Пријавите** за испит **не подлежат на административна такса** (чл.92 од Правилникот за условите, критериумите, правилата и постапката за запишување и студирање на прв циклус студии (додипломски студии) и втор циклус студии (постдипломски студии) на УКИМ.

29.4.2025 година

Скопје Деканатот на Филозофски факултет